**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1403 – 135/9**

**Скопје, 20.02.2007 година**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА СТРУМИЦА**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Органот на општина Струмица за 2005 година, кои се прикажани на страните од 8 до 10.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Органот на општина Струмица за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

- Кирил Јанев, Градоначалник на општина Струмица до 20.03.2005 година и
- Зоран Заев, Градоначалник на општина Струмица од 21.03.2005 до 31.12.2005 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 7 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во период од 07.12. до 20.12.2006 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со писмо број 03 – 603/2 од 14.02.2007 година примени се забелешки по Предходниот извештај - сметка на Буџетот на општина Струмица од градоначалникот на општина Струмица. Истите се разгледани и е констатирано следното:

- забелешките на наодот од точка 10.1.1. делумно се прифаќаат, наодот останува и во конечниот извештај и е наод 11.1.1.
- забелешките на наодот на точка 10.3.1. не се прифаќаат и наодот останува и во конечниот извештај и е наод 11.3.1. од причина што е постапено спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници .
- забелешките на наодите од точките 10.3.2., 10.3.4. и 10.4.1. не се прифаќаат од причина што истите повеќе имаат карактер на констатации и известувања за преземени мерки односно потврдување на наодите.
- забелешките на точка 10.5.1. делумно се прифаќаат бидејќи во текот на ревизијата не ни беа презентирани одредени документи за јавни набавки а истите во прилог на забелешките се доставени.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2005 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**11.1. Неправилна примена на актите**

11.1.1. Општина Струмица во својата евиденција го нема евидентирано имотот добиен согласно Решението бр. 23-1430/27 од 23.03.1999 година, за пренесување на право на сопственост на недвижен имот од Република Македонија на општина Струмица врз основа на спроведен делбен биланс, донесено од Владата на РМ. Во врска со имотот со кој располага и е сопственост на општината нема обезбедено имотни листи од Републичката геодетска управа, иако во 2006 година надлежните служби во два наврата писмено се обратиле до Државниот Завод за геодетски работи Одделение Струмица. Поради тоа искажаната состојба на материјалните средства на 31.12.2005 година не ја претставува реалната состојба на имотот на општината.
**Препорака:**
На основа решението и имотните листи кои треба да се обезбедат од републичката геодетска управа, да се изврши евидентирање на материјалните средства сопственост на општина Струмица.

**11.2. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

11.2.1. За евидентирање на набавката и давањето во употреба на материјалите и резервни делови нема утврдено сметководствена политика, која треба да се применува во целиот пресметковен период, што не е во согласност со Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. За дел од набавените материјали ( бои, индустриска сол и т.н. ) не е наведено каде и за кои потреби се потрошени и на кого се издадени. Не се изготвуваат приемници при приемот и испратници на основа требувањата од пооделните оделенија и служби на општината. Тоа се јавува поради не примена на одредбите од претходно споменатиот пропис. Не евидентирањето на приемот и издавањето на материјалите придонесува да се нема увид во состојбата на истите и можност за ненаменско користење.

**Препорака:**
Набавката на материјали треба да се регулира со општ акт со кој:
- ќе се утврди потребата за набавка;
- ќе се регулира приемот со потврда за прием, која ќе биде потпишана и заверена од страна на одговорно лице;
- ќе се евидентира трошењето на материјалите со издатници/требување.

11.2.2. Со увидот во благајничкото работење, ревизијата констатира дека не секогаш при исплатата во готово се изготвува документ каса исплати, што е спротивно на одредбите од Законот за платен промет и одредбите за благајничко работење. Непочитувањето на законските одредби придонесува да се евидентираат трошоци со некомплетна документација.

**Препорака:**
За исплатените средства во готово од благајната по сите основи да се изготвува документ каса испати.

**11.3. Неправилности во искажувањето на приходите/расходите**

11.3.1. Расходите и приходите во сметководството и Билансот на приходи и расходи за 2005 година се искажани во поголем износ од 1.400 илјади денари поради неправилна евиденција на градежен објект мост на река Тркања кај с. Градско Балдовци, Струмица изграден со средства од лицето Зоран Заев (актуелен Градоначалник) и дониран како материјално средство на општина Струмица со договор број 08-5631/3 од 30.12.2005 година. Спротивно на Законот за сметководство донацијата е евидентирана и како приход и како расход за износ од 1.400 илјади денари, наместо истата да биде евидентирана како материјално средство добиено од донација и соодветно зголемување на државниот јавен капитал. Како причина се јавува фиктивниот и формално склучен договор број 18/05 без датум на износ од 1.400 илјади денари за изградба на мостот, помеѓу општина Струмица и Друштвото за трговија на големо и мало, услуги градежништво, производство и промет „Фадом„ ДООЕЛ Струмица, испоставената фактура од страна на изведувачот како би можело средството да се евидентира во сметководството и договор за цесија со Фадом Струмица и лицето Зоран Заев со кој побарувањето кое општината го има од физичкото лице во износ од 1.400 илјади денари по основ на донаторството, го отстапува на Фадом Струмица за плаќање на обврската по фактурата за извршените градежни работи на мостот на реката Тркања. Како ефект се јавува нереално искажување на поголем износ на расходи и приходи во финансиските извештаи за 2005 година.

**Препорака:**
Донациите во материјални средства надлежните во општината да ги евидентираат како зголемување на средствата и зголемување на државниот – јавен капитал, а не и како зголмување на расходите и приходите согласно Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници.

11.3.2. Ставката Основни плати и надоместоци во Билансот на приходи и расходи, е преценета во вкупен износ од 376 илјади денари, поради неоснована исплата и исплата во поголеми износи на надоместоци и тоа:

- за неоснована исплата на надомест за превоз до и од работното место за износ од 125 илјади денари на сите вработени без разлика дали местото на живеење е одалечено од работното место над 2,5 км, поради непримена на критериумите за исплата на овој вид надомест утврдени со Одлуката за извршување на Буџетот на општина Струмица за 2005 година;

- за повеќе исплатените надоместоци на советниците за учество на седниците на Советот одржани во првите шест месеци од 2005 година, во вкупен износ од 251 илјада денари поради исплата на поголем износ од износот кој претставува 30% од просечната месечна нето плата во Република Македонија исплатена во последните три месеци, по одржана седница, што е спротивно на Законот за локална самоуправа.

**Препорака:**

Градоначалникот на општината, како одговорно лице за извршување на Буџетот, да оневозможи неоснована исплата на надоместоци спротивно на Одлуката за извршување на буџетот.

11.3.3. Ревизијата се оградува од реалноста и објективноста на направените трошоци во износ 13.322 илјади денари на позицијата Капитални расходи на ставката Други нефинансиски средства поради следното:

- Градоначалникот ( актуелниот во тој период) на општина Струмица и Управителот на ДГТУ „ ДЕ-ЛУКС Инжинеринг„ ДОО Струмица на 16.02.2005 година склучиле Спогодба за регулирање на надоместок за деловна зграда „Кожара„ која ќе биде предмет на експропријација за реализација на урбанистичкиот план на град Струмица на вкупен износ од 13.322 илјади денари од кој 11.099 илјади денари за објектот и 2.223 илјади денари на име комунален надомест. Со оваа спогодба е договорено сопственикот на објектот „Кожара„ ДГТУ „ ДЕ-ЛУКС Инжинеринг„ ДОО Струмица, истиот да го отстапи на општина Струмица за износ од 13.322 илјади денари, согласно вредноста на објектот утврдена од страна на судски проценител ангажиран од страна на сопственикот на имотот, а плаќањето да се изврши со компензација за надоместок за уредување на градежно земјиште за стамбено - деловен објект што ДГТУ „ ДЕ-ЛУКС Инжинеринг„ ДОО Струмица кој ќе го гради на ул. Гоце Делчев бр.49 на местото викано Иднина. Спогодбата е склучена непосредно пред локалните избори, иако средства за оваа намена не биле предвидени со Буџетот за 2005 година и во Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на општина Струмица за 2005 година не е предвидено рачистување на имотно правни односи за ул. Крушевска Република

Имено, на 03.03.2005 година во текот на изборната кампања, до Советот на општина Струмица доставен е и усвоен Предлог за измена на Програмата за уредување на градежно земјиште во делот на ставката за расчистување на имотно правни односи и износот предвиден за оваа намена се менува од 6.225 илјади денари на износ од 17.324 илјади денари, што е спротивно на членот 11 од Законот за спречување на корупцијата. Градежните работи околу рушењето на објектот и изградбата на улицата се извршени на крајот од 2005 година и почетокот на 2006 година, така да немало некоја посебна потреба од итност. Како причина за склучувањето на Спогодба за регулирање на надоместок за деловна зграда „Кожара„ и плаќањето со компензација на ревизијата и беше посочена потребата од регулирање на меѓусебните побарувања и обврски од страна на ДГТУ „ ДЕ-ЛУКС Инжинеринг„ ДОО Струмица кој е сопственик на објектот „Кожара„ и истовремено инвеститор на стамбено -деловен објект што ќе го гради на ул. Гоце Делчев бр.49 во Струмица.

- Износот по спогодбата е платен, наплатен на основа Изјава за компензација, без датум, склучена помеѓу „ ДЕ-ЛУКС Инжинеринг„ ДОО Струмица и новоизбраниот градоначалник на општина Струмица реализирана преку извод на сметката на Буџетот на општина Струмица од 20.04.2005 година.

- Непосредно пред да се реализираат претходно наведените работи околу објектот „Кожара„ , од страна на Комисија на Управата за јавни приходи Регионална дирекција Струмица извршена е проценка на пазарната вредност на овој објект, согласно членот 21 и 22 од Законот за даноците на имот (Сл.весник на РМ бр.24/03) и е утврдена вредност од 2.340 илјади денари со забелешка дека објектот се наоѓа во периферниот дел на градот, изграден 1959 година, се наоѓа во запуштена состојба и е нефункционален и неупотреблив. Во врска со тоа на обврзникот„ ДЕ-ЛУКС Инжинеринг„ ДОО Струмица му е издадено Решение УП бр. 16-67/84 од 04.02.2005 година за утврдување на даночна основа за данок на промет на недвижности во износ од 2.340 илјади денари и данок 3% од основицата во износ од 70 илјади денари. Тоа е направено на основа поднесена даночна пријава бр. 16-67/81 од 04.02.2005 година од обврзникот, а во врска со договор за купопродажба на недвижен имот, склучен на ден 02.02.2005 година помеѓу Друштво за производство, трговија и услуги „Гарфилд „ ДООЕЛ Штип како продавач и Друштво за градежништво, трговија и услуги „ДЕ-ЛУКС ИНЖИНЕРИНГ„ ДОО Струмица како купувач во кој е наведено дека продавачот продава деловен простор во Струмица на ул.„Крушевска Република„ за купопродажна вредност од 8.000 евра со вкалкулиран ДДВ.

**Препорака:**

Надлежните органи на општина Струмица имајќи ја во вид важечката законска регулатива да преземат мерки за надминување на ваквите состојби и утврдување на одговорност.

### 11.4. Неправилности во искажување на позициите во Билансот на состојба

11.4.1. Искажаната состојба на материјалните средства на 31.12.2005 година не е соодветна на состојбата утврдена со пописот со што во финансиските извештаи за 2005 година не е искажана реалната состојба на материјалните средства и нивните извори, и тоа:

- по извршениот попис на средствата и инвентарот по места каде истите се наоѓаат и по споредбата со состојбата од книговодството дел од истите кој се јавуваат како вишок без утврдена вредност не се евидентирани во сметководството;
- инвентарот и опремата се без инвентарни броеви, и
- превземените постојани средства од единицата за противпожарна заштита не се евидентирани во сметководствената евиденција на општина Струмица

Како причина за таквите состојби е несоодветниот пристап кон извршување на пописот од страна на формираната пописна комисија и надлежните во општината околу извршувањето на оваа законска обврска. Истото е спротивно на одредбите од Законот за сметководство на буџетите и буџетките корисници и Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

**Препорака:**

Надлежните во општината со состојба на 31 декември се должни да извршат попис и да ја усогласат книговодствената со фактичката состојба, согласно одредбите од Законот и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и по утврдените состојби да преземат мерки за надминување на истите.

**11.5. Не применување на одредбите од Законот за јавни набавки**

11.5.1. Во врска со правилноста и законитоста на спроведување на постапките за јавни набавки ревизијата утврди неправилности во примената на одредбите од Законот за јавни набавки и тоа:

- Спротивно на член 72 од Законот за јавни набавки извршени се 27 набавки од мала вредност во вкупен износ од 1.700 илјади денари без да се спроведе постапка за јавна набавка (Прилог број 1);

- Спротивно на одредбите од Законот за јавни набавки извршени се 6 набавки во вкупен износ од 3.522 илјади денари без да се спроведе постапка за јавна набавка (Прилог број 2);

- Спротивно на одредбите од Законот за јавни набавки не е побарана согласност од Бирото за јавни набавки и не е склучен Анекс договор и тоа:

• на основниот договор број 05-3695/1 од 01.11.2005 година кој е на износ од 2.041 илјади денари за Транспорт и вградување на тампон и асфалтирање на улица во населено место Муртино, а работите на истата според податоците од испоставена прва, истовремено и завршна ситуација бр. 05-859 од 30.11.2005 година е на износ од 2.371 илјада денари или повеќе за износ од 330 илјади денари;
• на основниот договор број 05-4224/1 од 21.11.2005 година кој е на износ од 458 илјади денари за Транспорт и вградување на тампон и асфалтирање на локален пат Струмица – Градско Балдовци, а работите на истата според податоците од испоставена прва, истовремено и завршна ситуација бр. 05-925 од 20.12.2005 година е на износ од 474 илјада денари или повеќе за износ од 16 илјади денари;
• на основниот договор број 05-3622/1 од 28.10.2005 година кој е на износ од 991 илјада денари за асфалтирање на улица во населно место Добрејци, а работите на истата според податоците од испоставената завршна ситуација бр. 08 0803 –973/1 од 23.11.2005 година е на износ од 1.062 илјади денари или повеќе за износ од 71 илјада денари;
• на основниот договор број 05-652 од 03.12.2003 година кој е на износ од 2.230 илјада денари за изведба на фекална канализација на дел од улицата „Климент Охридски„ во Струмица, а работите на истата според податоците од испоставената завршна ситуација бр. 05-2098/1 од 19.11.2004 година се на износ од 2.853 илјади денари или повеќе за износ од 623 илјада денари;

Спротивно на одредбите од Законот за јавни набавки не е спроведена повторно постапка за јавна набавка и тоа:

• за реконструкција на дел од ул. „Ката Поцкова„, „Браќа Минкови„ и „Први Мај„ Струмица иако износ на градежните работи според последната градежна ситуација која е дадена на увид на ревизијата го надминува износот на основниот договор за 125%. Договорот број 08-145/5 од 28.04.2005 година е на износ од 130 илјади денари, а работите на истата според податоците од четврта времена ситуација на изведувачот Мавровоинжинринг ДООЕЛ Скопје изнесуваат 292 илјади денари или повеќе за износ од 162 илјади денари. За ова не е склучен ниту Анекс договор;

• на основниот договор број 08-158/5 од 05.05.2005 година кој е на износ од 1.610 илјади денари за асфалтирање на ул.Младинска, а работите на истата според

податоците од прва, втора и трета ситуација на изведувачот Мавровоинжинринг ДООЕЛ Скопје изнесуваат 2.436 илјади денари или повеќе за износ од 826 илјади денари;

Неспроведувањето на постапките за јавни набавки согласно Законот за јавни набавки создава можност за фаворизирање на одредени фирми, ја спречува конкуренцијата и придонесува за набавки по зголемени цени.
**Препорака:**
Градоначалникот да создаде услови за целосна примена на Законот за јавни набавки во сите негови аспекти во зависност од видот и вредноста на набавката и да не дозволи да се вршат набавки без постапки согласно законот.

12. Вкупниот ефект од изнесените наоди во точките 11.3.1. и 11.3.2. е преценување на Расходите за износ од 1.776 илјади денари, и преценување на Приходите за 1.400 илјади денати, а потценување на Вишокот на приходите над расходите за 376 илјади денари во Билансот на приходи и расходи за 2005 година.

13. Според наше мислење, поради значајноста на наодите изнесени во точките 11.1.,11.3. и 11.4. финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Органот на општина Струмица на 31 Декември 2005 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

14. Според наше мислење, освен за изнесеното во точката 11.3.3. и 11.5., кај сметката на Органот на општина Струмица е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат расходи на единиците на локалната самоуправа, за 2005 година.

15. Обрнуваме внимание во овој извештај, дека општина Струмица е тужена страна во судски спорови со четири субјекти-физички лица, од кој со три лице по основ на надомест на штета за износ од 207 илјади денари и со едно лице за повраќај на повеќе платени комуналии и со два субјекти-правни лица по основ предавање на владение по основ на поништување на одлука за избор на најповолна понуда без утврдена вредност.
Постапки во кој општина Струмица се јавува како тужител има спрема две физички лица за неопределена вредност по основ на предавање деловни простории на владение и поништување на договор за закуп, еден предмет против Р.Македонија за исполнување на парични обврски во износ од 10.000 илјади денари, против едно правно лице по основ раскинат договор за закуп, владение и закупнина и осум предмети против физички лица кои се во постапка на спроведување на извршувањето од страна на Основниот суд Струмица во вкупен износ од 627 илјади денари.
Конечна разврска по ова прашање засега не може да се утврди ниту пак е изразена резерва по овој основ за евентуални ефекти врз финансиските извештаи на општина Струмица за годината која завршува со 31 Декември 2005 година.

**Скопје, 16.02. 2007 година** **Овластен државен ревизор**

## ОРГАН НА ОПШТИНА СТРУМИЦА
## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло жение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 107,374 | 75,572 |
| **Вкупно приходи** | | **107,374** | **75,572** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.4.1. | 18,549 | 13,536 |
| Стоки и услуги | 3.4.2. | 31,076 | 18,712 |
| Тековни трансфери до единиците за локална самоуправа | 3.4.3. | 81 | 0 |
| Субвенции и трансфери | 3.4.4. | 1,736 | 1,244 |
| Социјални бенефиции | 3.4.5. | 43 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **51,485** | **33,492** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.5.1. | 55,889 | 42,080 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **55,889** | **42,080** |
| **Вкупно расходи** | | **107,374** | **75,572** |

**ОРГАН НА ОПШТИНА СТРУМИЦА**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА ЗА 2005 ГОДИНА**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Активни временски разграничувања | 4.1.1. | 13,462 | 17,015 |
| Залихи | 4.2.1. | 147 | 515 |
| **Вкупно тековни средства** | | **13,609** | **17,530** |
| **Постојани средства** | | | |
| Нематеријални средства | 4.3.1. | 994 | 0 |
| Материјални добра и природни богатства | 4.3.1. | 21,147 | 3,800 |
| Материјални средства | 4.3.1. | 70,992 | 84,214 |
| Материјални средства во подготовка | 4.3.1. | 43,327 | 0 |
| **Вкупно постојани средства** | | **136,460** | **88,014** |
| **Вкупна актива** | | **150,069** | **105,544** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.4.1. | 12,922 | 16,501 |
| Примени аванси, депозити и кауции | 4.4.2. | 515 | 515 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.4.3. | 24 | 0 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.4.4. | 45,413 | 1,091 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **58,874** | **18,107** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.5.1. | 91,049 | 86,923 |
| Останат капитал | 4.5.2. | 146 | 514 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **91,195** | **87,437** |
| **Вкупна пасива** | | **150,069** | **105,544** |

**ОРГАН НА ОПШТИНА СТРУМИЦА**
**ПРЕГЛЕД НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2005 ГОДИНА**

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2005 година** | **86,923** | **514** | **87,437** |
| **Зголемување по основ на:** | **44,159** | **134** | **44,293** |
| | | | **-** |
| Набавки | 34,903 | 134 | **35,037** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | | | **-** |
| Пренос од Муртино и Куклиш | 9,256 | | **9,256** |
| Ревалоризација на капитални средства | | | **-** |
| Расходување | | | **-** |
| **Намалување по основ на:** | **40,033** | **502** | **40,535** |
| Отпис на капитални средства | 66 | 502 | **568** |
| Пренос на сметка Инвестиции во тек | 36,754 | | **36,754** |
| Амортизација | 3,213 | | **3,213** |
| **Состојба 31.12.2005 година** | **91,049** | **146** | **91,195** |